Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 25.09.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4680 | 1 | |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор на програмскиот сервис на**
**Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово,**
**емитуван на 20 септември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

- **Член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување аудиовизуелна комерцијална комуникација која не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите).

*На 27.08.2014 година, за непочитување на член* 53 став 17 алинеја 2 *од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 4 август 2014 година, в.д. директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на* Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово.

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 20 септември 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*25.09.2014 година*